**АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ВАУЧЕРСКО СОВЕТУВАЊЕ НА МАЛОТО СТОПАНСТВО И ПОМОШ ПРИ САМОВРАБОТУВАЊЕТО

## ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ВАУЧЕРСКИОТ СИСТЕМ НА СОВЕТУВАЊЕ ЗА

## 2021 година

Подготвил: Маријан Стојчев

**Скопје, март 2022 година**

# СОДРЖИНА


**КРАТОК ПРЕГЛЕД ..... 4**
**1. ОПШТО ЗА ВАУЧЕРСКОТО СОВЕТУВАЊЕ ..... 9**
**1.1. Опис на ваучерското советување ..... 9**
**1.2. Промоција на Програмата ..... 11**
**1.3 Аутпут индикатори ..... 12**
**2. РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗА ..... 13**
**2.1. РЕЗУЛТАТИ ..... 13**
2.1.1 Резултати март – декември 2021: ..... 13
**2.2 Наоди и анализа ..... 13**
2.2.1. Реализирани ваучери во програма ВСС според целни групи ..... 14
2.2.2. Клиенти во ВСС според полова структура ..... 15
2.2.3 Износ на ваучери според целни групи ..... 15
2.2.4 Просечни износи по ваучер и клиент ..... 16
2.2.5 Реализирани ваучери ..... 17
2.2.6.Реализирани ваучери по градови ..... 18
2.2.7. Реализирани ваучери за МСП по градови ..... 18
2.2.8. Реализирани ваучери за невработени по градови ..... 18
2.2.9 Реализирани ваучери во МСП според дејноста: ..... 19
2.2.10 Реализирани ваучери според вид на советување ..... 20
2.2.11 Износ на ваучери според вид на советување ..... 20
2.2.12 Вкупно советодавни услуги во сите региони ..... 21
2.2.13 Однос помеѓу двете целни групи ..... 23
**3. МИСЛЕЊА И ИЗВЕШТАИ ОД УЧЕСНИЦИТЕ ВО ВСС ..... 23**
**3.1 Извештај од консултантот за завршената работа ..... 23**
**3.2 Извештај од клиентот за задоволност ..... 24**
**3.3 Извештај од советникот-организатор ..... 26**
**4. ФИНАНСИСКИ ПРЕГЛЕД ..... 26**
**5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОЗИ ..... 26**
**5.1 Заклучоци ..... 26**
5.1.1 Релевантност ..... 27
5.1.2 Досег и обем ..... 27
5.1.3 Ефикасност ..... 27
5.1.4 Ефективност ..... 28
5.1.5 Влијание ..... 28
5.1.6 Одржливост ..... 28
**5.2 Предлози ..... 29**
**АНЕКС А ДИЈАГРАМ ЗА ИСПОРАКА НА УСЛУГИ ЗА МСП ..... 30**
**АНЕКС Б ДИЈАГРАМ ЗА ИСПОРАКА НА УСЛУГИ ЗА ПОТЕНЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ (НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА) ..... 31**
**АНЕКС В ДИЈАГРАМ ЗА ШЕМА НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ВО ВСС ..... 32**
**АНЕКС Г. КОРИСНИЦИ НА ВАУЧЕР ВО 2021 ГОДИНА ..... 33**

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АППРСМ | Агенција за поддршка на претприемништвото на Р.С Македонија |
| АВРСМ | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| МЕ | Министерство за економија |
| ПРС | Програмско развоен совет |
| ПСВ | Помош во самовработување |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| УНДП | Продрама за развој на Обединетите Нации |
| ОДП | Организации за Деловна Поддешка |
| РЦПП | Регионален центар за поддршка на претприемништвото |
| УРБ | Услуги за развој на бизнисите |
| МИС | Менаџмент информативен систем |
| ПСВ | Помош за самовработување |
| ИПА | Претпристапни фондови |
| М+Е | Мониторинг и евалуација |
| УОРЗ | Услови и опис на работна задача |
| ВСС | Ваучерски систем на советување |
| РЦ | Регионален центар |
| ЕСА | Агенција за помош на претпријатијата |
| ММП | Микро и мали претпријатија |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ОПР | Оперативен план за работа |
| ГПР | Годишен план за работа |
| ДП | Деловен (бизнис) план |
| КИР | Клучни индикатори на работење |

# КРАТОК ПРЕГЛЕД

## Дефинирање на концептот

Ваучерската програма претставува пример на „најдобри меѓународни практики” за развој на МСП и унапредување на претприемништвото.

Целта на ваучерската програма е да ги поттикне веќе воспоставените мали претпријатија да користат консултантски услуги за зајакнување на нивното работење и конкурентност, како и да им обезбедат советување, обука и информации на потенцијалните претприемачи за да ја олеснат нивната транзиција кон самовработување.

Гледано од страна на обезбедувањето услуги, целта на ваучерската програма е да ги поттикне квалификуваните лица да влезат на консултантскиот бизнис, и/или веќе воспоставените консултанти да ги прошират своите услуги, како и да ги ангажира ОДП да станат регионален партнер на АППРСМ.

Помошта за самовработување се обезбедува бесплатно на невработените, додека поддршката за МСП е соодветен грант.

## Пилот фаза

Пилот фазата на ваучерскиот систем беше имплементирана од страна на АППРСМ, во соработка со два регионални центри за поддршка на претприемништвото во Скопје и Струмица, од ноември 2005 година до јануари 2006 година, за да се тестира побарувачката на корисниците, како и пристапот за имплементација. Основниот систем за обезбедување на услугите за ваучерската програма беше воспоставен за време на пилот фазата.

## Фаза на имплементација

Ваучерската програма беше дополнително зајакната во 2006, 2007 и 2008 година преку техничките придонеси на Проектот за развој на МСП, вклучувајќи: насочување на процесот/процедурите, креирање на прирачник на процедури и придружни алатки, подготовка на проектни документи за планирање и барање средства, ангажирање на дополнителни ОДП како партнери за имплементација, проширување на локалната база на податоци за деловни консултанти, обука на менаџери, имплементатори и даватели на услуги во програмата за модификации на системот и надградување на МИС на АППРСМ за подобар мониторинг на активностите и резултатите. Како резултат на постојаното подобрување и усовршување на Програмата за ваучерско советување, истата доби уште едно признание. Имено, по звршување на процесот на имплементација на ISO 9001:2008, АППРМ на почетокот на 2011 година се стекна со сертификатот ISO 9001:2008, а помеѓу процесите кои се стекнаа со овој сертификат е и Програмата за ваучерско советување.

## Цел на извештајот

Главната цел на овој извештај е да се утврди како функционира ваучерската програма во однос на целните области и резултатите за време на периодот од 2021 година.

Целите на овој извештај се:

- Да се презентираат релевантни податоци за бројот на издадените ваучери согласно двете целни групи (1), МСП кои имаат потешкотии во работењето и

оние кои имаат цел да го развијат бизнисот, вклучително и иновативни претпријатија и (2), потенцијалните претприемачи од редот на невработените, но и вработените лица кои се одлучиле за претприемништвото како опција во кариерата и нивната застапеност,

- Да се процени заинтересираноста кај МСП и потенцијалните претприемачи за користење услуги во рамки на програмата на ВСС,
- Да се добие сознание за задоволноста на клиентите од добиените услуги од овластените консултанти во ваучерската програма, да се добие претстава за деловната и претприемачка способност на клиентите,
- Да се идентификуваат прашањата во однос на ресурсите, целите, изведбата и менаџментот и да се предложат решенија за зајакнување на програмата.

**Методологија**

Со цел да се постигнат горе наведените цели, беа превземени следните активности: преглед на документите кои се однесуваат на дизајнот и изведбата на ваучерската програма; испитување на мислењето на ОДП, корисниците и консултантите, кое беше спроведено од РЦПП/АППРСМ; дискусии со партнерите кои ја имплементираат програмата на регионално ниво и презентација на Проектот за развој на МСП и АППРСМ.

**Заклучоци и анализа**

За време на овој извештаен период беа резервирани вкупно 1.500.000,00 денари[1] и планот беше предност да се даде на целната група МСП, со оглед на фактот дека невработените лица беа во голема мерка опфатени преку програмата за Самовработување каде ВСС се јавува како интегрален дел на оваа Програма на Владата на РМ, односно МТСП.

Кај ПСВ, каде за субвенција беа резервирани и реализирани 176.412,00 денари, беа пријавени 11 клиента од кои 10 беа примени во програмата. Ова резултираше со 19 издадени ваучери и исто толку завршени што е во рамки на планираното. Просечните консултантски часови по клиент беа околу 18 часа, а износот во просек 17.641,00 денари, односно 9.285,00 денари по ваучер кој е на ниво на изминатата година. Административната надокната на ОДП во случај на ПСВ се движи околу 19% од субвенционираната вредност, односно 34.093,00 денари.

Бројот на активни советници во базата на АППРСМ во однос на минатата година е зголемен со нови 12 советници, така да заклучно 2021 година во Каталогот на советници впишани се вкупно 269 советника.

Кај МСП, за субвенција во текот на 2021 година беа реализирани ваучери на износ од 1.051.650,00 денари. Од 44 апликанти беа прифатени 41 МСП, што резултираше со издадавање на 51 ваучер за 41 претпријатије[2]. Просечната вредност на еден проект беше околу 900 Евра (од кои половина беа субвенција), содржејќи просечно 37 часа советување за секој ваучер, односно 47 часа советување во просек по еден клиент што е под нивото од изминатата година.

[1] Во овој износ вкалкулиран е и износот за административен надомест за изведувачите кои е околу 20%

[2] Три ваучари за три клиента за МСП беа отповикани и не се реализираа и вкупно се реализираа **48 ваучери за 38 клиенти**

Вклученоста на активните претпријатија според големината покажува дека од вкупно вклучените 38 МСП, 50% односно 19 фирми спаѓаат во микро претпријатијата (1-9 вработени), и 19 фирми или 50% припаѓаат на мали претпријатија (од 10-49 вработени), што претставува зголемување на учеството на малите претпријатијата од 35% во изминатата 2020 година на 50% во 2021 година.

Најголем број од претпријатијата корисници на ваучер се од Скопскиот регион и тоа 16 претпријатија или 42%, од Полошкиот регион 5 (13%), Североисточен регион 4 (10,5%), Југозападниот, Југоисточниот, Вардарскиот и Пелагонискиот регион по 3 клиента (по 8%), и Источниот регион 1 клиент. Ова покажува дека 42% се претпријатија од Скопје, а 58% претпријатија надвор од главниот град што сметаме дека од аспект на рамномерниот регионален развој е добар резултат имајќи во предвид дека во 2020 година преку 45% од претпријатијата беа од Скопје.




Ова треба да произлезе од поставеноста на ваучерскиот систем на советување каде се применува регионалниот принцип, односно се очекува вклученост на сите плански региони во Република Северна Македонија и во овој извештаен период вклучени се фирми од сите региони, но само една од Источниот регион, што значи дека во сите региони, освен скопскиот, треба повеќе да се работи на промоција на ваучерскиот систем на советување.

Административниот надомест на ОДП во случај на МСП изнесува 18,76% од субвенционираната вредност, односно 197.338,00 денари или вкупно за двете целни групи надоместокот за ОДП изнесува 231.430,00 денари или 18,85%.

Во фискалната 2022 година, согласно годишната програма, АППРСМ ќе има на располагање 1.500.000,00 денари за имплементација на ваучерската програма што е на ниво од 2021 година. Една општа опсервација за ваучерската програма е следната:

- Позитивно гледано програмата е дизајнирана соодветно за развојот на МСП во земјата, воспоставена е една цврста основа за ваучерската програма да функционира ефикасно и ефективно, и програмата има постигнато позитивни резултати;
- Од друга страна пак, досегот, обемот и влијанието на програмата е релативно мало, со оглед на фактот дека за иницијативата има далеку помалку ресурси од потребните.

На ваучерската програма може да и се обезбеди дополнителна техничка помош преку некои проекти за развој на МСП за понатаму да се подобрува управувањето и имплементацијата на програмата. Меѓутоа, без значително финансирање, влијанието од дадените советодавни услуги ќе биде помало од планираното.

## Заклучоци и предлози

Тргнувајќи од заклучоците и анализата спроведена за време на овој периодичен извештај, можат да се дадат некои заклучоци и предлози:

- Интересот за ваучерската програма укажува на потребата за таква помош кај активните микро, мали и средни претпријатија, дизајнот на обезбедувањето услуги според ваучерскиот систем е успешно адаптиран на условите во земјата за време на фазите на имплементација во 2006-2021 година, и со тоа претставува солидна основа за понатамошна доградба и развој.
- Организациската поставеност, каде програмата е раководена централно во АППРСМ, имплементирана преку ОДП, а давањето на услугите се одвива преку локалните бизнис консултанти, функционира доста ефикасно.

Меѓутоа, бидејќи програмата не е еднакво распространета на сите региони и бизниси, и не е активно ниту нашироко промовирана, се предлага:

- Да се развие промотивно/комуникациска стратегија, вклучувајќи промотивни материјали и активности. Во овој контекст посебно внимание треба да се посвети на промоција на потенцијалните претприемачи кои се веќе вработени и на т.н. иновативен ваучер, односно ваучери за иновативни фирми, со што би се зголемувала конкурентската способност на малите и средните претпријатија;
- Да се продолжи со постоечката организациска структура со јасно доделени и дефинирани улоги и одговорности меѓу четирите нивоа;
- Да се воспостават појаки формални надворешни врски со слични проекти и активности, и да се истражат можностите за кофинансирање;

Секако за да се спроведе сето ова неопходно е да се зголеми буџетот за финансирање на ваучерската програма.

Кога се зборува за ефикасноста на Услугите за развој на бизнисот (УРБ), вообичаено се испитува во однос на трошоците, работата и синергијата. Трошоците за имплементација на програмата, т.е. административните трошоци на ОДП за регрутација, проценка, избор на обезбедувач на услуги, издавање ваучери/спогодби, мониторинг на проектите, и за време на овој извештаен период, се на ниво на претходните години, односно се движи околу 19% од субвенцијата.

Што се однесува до синергијата со другите програми и/или организации, треба да се напомене дека во Агенцијата е партнер на УНДП, Агенцијата за вработување Република Северна Македонија и на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) во националната иницијатива за трансформирање на преку 1500 невработени лица во 2021 година во самовработени, при што беа издадени 1747 ваучери за невработени лица за подготовка на деловен план.

Во однос на ефективноста на Ваучерската програма може да се каже дека таа функционира ефективно во однос на производството на резултати.

Имајќи ја предвид потребата за континуирано подобрување, променливиот квалитет и ниво на професионализам, како и очекувањата за една обемна програма за која е потребен поголем капацитет, сметаме дека треба:

- Понатаму да се унапредуваат и усовршуваат процедурите;
- Континуирано да се подобрува квалитетот и квантитетот на бизнис консултантите и советниците – обучувачи во земјата;

- Да се обезбедат можности за професионален развој на оние инволвирани во имплементацијата и раководењето на системот;
- АППРСМ да го набљудува процесот преку преглед и анализа на податоците собрани преку менаџемент информатички систем (МИС) и следење на работата со ОДП, за да се осигура дека сите информации се точно внесени во софтверот на АППРСМ;
- На ОДП адекватно да им се надомести за нивните напори во имплементацијата [регрутирање, проценка, избирање, мониторинг и посредување при проблеми];
- Да се зголеми максималниот број на дозволени часови при ангажманот за УРБ, т.е. зголемување на обемот на проектот,

Што се однесува до влијанието на програмата треба да се каже дека клиентите вообичаено имаат корист од УРБ на неколку начини, како што се подобрувањата на производот и процесот, квалитетот, системите за менаџмент и трошковните структури. Како резултат на тоа, бизнисот на клиентот има поголема продажба и профит, поголеми инвестиции и нова или дополнителна извозна активност. За жал, скромниот буџет за ваучерската програма во голема мерка го ограничува обемот на интервенциите и придружните влијанија.

За да се подобрат влијанијата, сметаме дека е потребно следното:

- Значително да се мобилизираат поголеми ресурси, така да може да се зголеми проектот, на тој начин дозволувајќи значајна консултантска поддршка и мерливо влијание на бизнисот на клиентот;
- Сите потенцијални клиенти да ги обезбедат основните потребни податоци, да ги идентификуваат сите потребни интервенции и прогнозата за можната корист на нивниот бизнис.

Одржливоста нормално се разгледува во однос на менаџерските, организациските, техничките и финансиските аспекти. Ваучерската програма, според оценка на странските експерти, е добро менаџирана, надгледувана и администрирана со добри вештини и системи. Што се однесува до потребното ниво на услуги, консултантите и советниците во најголем дел се соодветно квалификувани и искусни, но секако е потребно нивно континуирано подобрување и усовршување.

Од институционална гледна точка, организациската структура е соодветна и добро воспоставена. Финансирањето на програмата од страна на Владата е дополнето со градењето на капацитетите преку донаторски проектите, што овозможи овој концепт континуирано да се надоградува и развива. Меѓутоа, скромниот буџет во изминатите години резултира со ограничен досег и поскромни резултати кои може во иднина да го намалат кредибилитетот на АППРСМ.

Затоа се предлага да се спроведе интензивно собирање на средства за да се зголеми обемот и квалитетот на програмата, а Владата на РСМ, преку МЕ и МТСП, во зависност од целните групи, да обезбеди основни средства за ОДП.

Исто така многу е важно лицата кои работат на реализација на ваучерската програма постојано да се обучуваат како да дојдат до разни интернационални фондовите, како би можеле да побараат дополнителни средства за програмата.

# 1. ОПШТО ЗА ВАУЧЕРСКОТО СОВЕТУВАЊЕ

## 1.1. Опис на ваучерското советување

Програмата за ваучерско (субвенционирано) советување нуди подршка на индивидуални претприемачи и на постојни претпријатија кои сакаат да реализираат некоја бизнис идеја. Ваучерскиот систем на советување го подржува обезбедувањето услуги на советување и развој на деловна активност во форма на ваучери кои се наплаќаат од АППРСМ. Ваучерите им дозволуваат на корисниците да изберат овластени советници според мониторингот и методологијата одобрена од АППРСМ. Под претпоставка дека определени услови се исполнети, расположивата подршка, главно во форма на советување, може да се искористи од страна на определни целни групи.

Крајните корисници  на советувањата (целни групи), обезбедени преку Програмата за ваучерско советување се:

- МСП кои имаат одредени потешкотии во работењето и МСП кои имаат цел да го развиваат својот бизнис, вклучително и иновативни претпријатија и
- Потенцијалните претприемачи (од редот на невработените лица и од редот на веќе вработените лица) кои имаат аспирација да станат претприемачи и се самовработат.

Целите на програмата се дефинирани на следниот начин:

- поголем број на потенцијални претприемачи да започнат со имплементација на нивниот бизнис (регистрација на фирма, отпочнување на бизнис);
- формирање на нови работни места;
- поголем број на нови фирми да бидат во состојба да преживеат во тек на критичните први години на постоење;
- поголем број на фирми да бидат во состојба да остварат повисоки стапки на развој; и
- поттикнување на локалниот пазар на советување (консултантство).

Програмата на ваучерско советување која се однесува за компонентата мало стопанство изискува развој на бизнисот на клиентите преку широка палета на советодавни услуги.

Подолу се наведени седум главни подрачја на советодавни услуги за развојот на малото стопанство.

- Општ менаџмент вклучувајќи дијагностика, деловно планирање и стратешки развој
- Маркетинг, продажба и развој на извозот
- Финансиска контрола и менаџмент и сметководствен менаџмент
- Развој на човекови ресурси и менаџмент на кадри
- Планирање и управување на производството, методологија и процеси, вклучувајќи технологија
- Квалитет, контрола и управување со заштитата на човековата околина.
- Менаџмент информациони системи, информатичка технологија и електронски бизнис.

Програмата на ваучерско советување која се однесува на невработените лица помагајќи им да се самовработат, има потреба од испорачување на одредени советувања, информативни услуги и тренинг до претприемачите кои се стремат кон самовработување, односно:

Теми на советувања

- Генерирање и селекција на идеја
- Развој на Деловниот Концепт
- Физибилити студија на проектот
- Деловно планирање
- Деловно поврзување

Информативни активности

- нови финансиски алатки: лизинг, факторинг, гарантни фондови,
- програми имплементирани од МЕ или од меѓународни донатори,
- правни прашања, харминизација со законодавството на ЕУ.

Групни Тренинзи

- Деловно Планирање и Стратегија
- Производство и Квалитет
- Започнување на сопствен Бизнис
- Деловен Менаџмент
- Развој на Човекови Ресурси
- Финансиски Менаџмент
- Продажба и Маркетинг

Стандардните Услови и опис на работните задачи се подготвени како би ги опфатиле сите видови на советувања, информативни услуги и тренинг.

Одредени активности и соодветните трошоци се **исклучени**[3] и не се подржани од Програмата на ваучерско советување.

Програмата за ваучерско советување нуди поддршка на постојните претпријатија и на потенцијалните претприемачи кои планираат да почнат свој бизнис. Тоа е инструмент наменет за подобрување на функционирањето на малото стопанство со субвенционирани консултантски услуги, кои заедно со другите мерки/програми на политиката на активно вработување го олеснуваат и стимулираат процесот на создавање на работни места.

Ваучерскиот систем на советување се управува од страна на АППРСМ, а под надзор на Министерството за економија. Изведувачи на програмата за ваучерско советување се фондации за поддршка на претприемништвото, односно организации за деловна поддршка (ОДП) кои се овластени од страна на АППРСМ да го спроведуваат ваучерскиот систем на советување на локално и регионално ниво. Мрежата на изведувачи на програмата е воспоставена преку јавен повик за изразување на интерес.

Вклучувањето на корисникот на советување во Програмата за ваучерско советување, критериумите за вклучување како и сите активности, обврските на

[3] Повеќе за ова во Прирачникот на процедури за спроведување на програмата за ваучерско советување на малото стопанство и помош при самовработување во Рапублика Северна Македонија.

инволвираните страни, плаќање на услугите за советување, обрасци и документи (договори) кои се користат во практичната реализација на Програмата детаљно се претставени во "Прирачникот на процедури"[4] за спроведување на Програмата за ваучерско советување во малото стопанство и помош при самовработувањето во Република Северна Македонија".

По овој прирачник се управуват сите четири нивоа на учесници во програмата на ваучерско советување, односно:

- АППРСМ,
- Изведувачите на програмата (ОДП),
- Корисниците на советување, и
- Советниците, (овластени за програмата на ВСС).

Секој корисник на ваучерот има право на повеќе ваучери, и секој од нив да одговара на еден проект на советување. Горната граница на програмската субвенција за активни фирми е до 45.000,00 денари со исклучок кога се работи за:

- МСП со иновативни проекти, односно со потенцијал за развој на нови производи/услуги или процеси имаат право на т.н. иновативен ваучер и субвенција од максимум 90.000,00 денари.

Износот за невработени лица е 37.000,00 денари вклучувајќи го ДДВ.

Вредноста на субвенцијата за целната група МСП е до 50%, а на целната група невработени лица е 100%. (види **АНЕКС А**). Ваучерите се валидни за период од три или шест месеци.

Во пракса, ако претпријатието планирало разни проекти за советување тогаш може да искористи повеќе од 1 ваучер, со вкупна вредност за советување од 90.000 МКД, и да добие 50% надомест (враќање на парите) од Агенцијата за поддршка на претприемништво на РМ. Цената за час советување е дефинирана за општи консултанти - максимум 900 МКД не вклучувајќи ДДВ (15 евра) и за специјалисти 1.200 МКД (20 евра) не вклучувајќи ДДВ.

**Надоместот за услугите на ОДП** е дефиниран на следниот начин: (1) за првиот контакт со потенцијалниот корисник на ваучерот, првичното дијагностичко интервју, пополнување податоци за корисникот и склучување договор со клиентот, ОДП има платени 2.5 часа; (2) за издавање ваучери за советодавни услуги, надоместокот се дава за дополнителни 0.5 часа; (3) за мониторинг и надзор за советување на проекти, информирање за АППРСМ, пополнување документи поврзани со ваучерот, надоместот е 10% од реализираните часови на советување. Еден час се вреднува вкупно за 650 денари, или 10,5 евра.

Системот на испорака на услугите во рамките на ваучерската програма за МСП може да се види во **АНЕКС Б**, а за невработените лица во **АНЕКС В**.

### 1.2. Промоција на Програмата

Целните гупи - корисници на советувањето имаат различно ниво на информираност за можни облици на поддршка и постапката за насочување на претприемачите. Затоа се развива соодветна промоција на програмата преку:

[4] Последна важечка верзија е од 28.01.2020 усвоена од страна на УО на АППРСМ

- јавни гласила,
- медиуми,
- работилници за промоција и за подигање на свеста кај целните групи.

Промоцијата на ВСС за време на овој извештаен период беше незначителна.

### 1.3 Аутпут индикатори

√ Имплементација на ВСС кај најмалку 40 клиенти за 2021 година (реализирано);

√ Вклучување на нови бизнис центри во ВСС (реализирано - во 2021 вклучен е уште еден центар во скопскиот регион);

√ Одржување и надградување на веб страната за консултанти (реализирано);

<u>1.3.1. КИР (клучни индикатори на работење)</u>

Клучни индикатори на работењето или КИР за да може АППРСМ да врши следење и известување, се наведени во општите/годишните планови за работа. Тие вклучуваат:

I. Број на ОДП

II. Број на советници - консултанти:

   1. Подрачја на специјализирани услуги
   2. Географско покривање

III. Број на апликации, наспроти број на прифатени, разделени на број на лица заинтересирани за самовработување и МСП

IV. Број на клиенти

V. Број на ваучери

VI. Вредност на ваучери - Резервирани наспроти издадени

VII. Вредност на надоместокот на ОДП

VIII. Надоместок на ОДП наспроти ангажираните ваучери

IX. % на ваучери кои не се реализирани

X. % на задоволство на клиентите

XI. Влијание на ваучерот

# 2. РЕЗУЛТАТИ И АНАЛИЗА

## 2.1. РЕЗУЛТАТИ

2.1.1 Резултати март – декември 2021:

**ТАБЕЛА 1: РЕАЛИЗИРАНИ ВАУЧЕРИ (ПО РЕГИОНИ)**

| | Скопје | Струмица | Охрид | Куманово | Битола | Тетово | Велес | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ваучери** | 31[5] | 12 | 5 | 7 | 3 | 5 | 4 | **67** |
| **Ваучери за МСП** | 19 | 6 | 4 | 7 | 3 | 5 | 4 | **48** |
| **За невработени** | 12 | 6 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | **19** |
| **Број на клиенти МСП** | 15 | 4 | 3 | 5 | 3 | 5 | 3 | **38** |
| **Број на клиенти ПСВ** | 6 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | **10** |
| **Број на часови на советување – вкупно** | 687,5 | 258 | 200,5 | 290 | 102 | 271 | 157 | **1966** |
| **Вкупно одобрен износ на реализирани ваучери** | 444.900 | 176.832 | 134.580 | 153.750 | 61.000 | 162.600 | 94.200 | **1.227.862** |
| **Вкупно исплатена субвенција (денари)** | | | | | | | | **1.227.862** |
| **Износ за ОДП (ден)** | 88.888 | 32.009 | 21.158 | 25.350 | 12.480 | 35.165 | 16.380 | **231.430** |
| **Вкупно исплатено во 2021 (субвенција плус адм. Надомест)** | | | | | | | | **1.459.292** |
| **Општо советување** | 39% | 50% | 0% | 30% | 0% | 0% | 0% | **30%** |
| **Специјалистичко советување** | 61% | 50% | 100% | 70% | 100% | 100% | 100% | **70%** |
| **Број на ангажирани советници** | 11 | 6 | 3 | 3 | 2 | 3 | 3 | **20** |

Агенцијата има улога на „старател” на програмата на национално ниво, и обезбедува поддршка преку:

- мониторинг и проценка на функционирање на програмата за ваучерско советување за да се детектираат слабостите, потребите за подобрување и решавање на тие потреби;
- мониторинг на целокупната имплементација и успех на програмата на годишно ниво;
- евалуација и извештаи;
- корекции на програмата (одлучување за потребите и корекциите, предлагање измени и сл.);
- мониторинг на активностите и проектите поврзани со развој на претприемништвото и избегнување на преклопување;

За мониторинг на ВСС, индикаторите се поставени од страна на АППРСМ во документите кои се однесуваат за извештаите на клиентите, советниците и ОДП. Извештаите се однесуваат на разни аспекти на советувањето, постапката, плаќањата, квалитетот и времетраењето на обезбедените услуги.

### 2.2 Наоди и анализа

Од вкупниот број на 70 издадени ваучери (за 48 клиенти[6]), три ваучери не беа реализирани и истите беа отповикани, и 67 ваучери се комплетно завршени и исплатени од страна на АППРСМ.

[5] Два ваучери се реализирани од страна на ново вклучениот центар – АЛБИЗ од Сарај, Скопје на вкупен износ од 40.800,00 денари.
[6] За 2021 беше планирано да се вклучат 40 клиенти.




Треба да се забележи дека планот за 2021 година е остварен како што е предвидено[7], што сепак покажува дека интерес за ваучерското субвенционирано советување постоеше и во 2021 година.

### 2.2.1. Реализирани ваучери во програма ВСС според целни групи







За целната група МСП реализирани се 48 ваучери за 38 клиенти, односно 71,64%, а за целната група невработени лица издадени се 19 ваучери за 10 клиенти.

Односот на издадени ваучери според целни групи и регионални центри кои ги издале може да се види од следниот графикон:




[7] Опфатени се осум (8) клиента повеќе од планираните

2.2.2. Клиенти во ВСС според полова структура

Од вкупно реализирани 67 ваучери за 48 клиенти состојбата според целните групи, односно мали и средни претпријатија и невработени лица кој основале бизниси според половата структура е следна:







Од вкупно 48 клиенти во Ваучерскиот систем на субвенционирано советување во 2021 година состојбата на корисници според половата структура е следна:




2.2.3 Износ на ваучери според целни групи




Резултатите покажуваат дека за разлика од изминатите години учеството на МСП како целна група во Ваучерската програма бележи зголемување кога се однесува до бројот на ваучери и клиенти.

Интересот на невработените лица за вклучување во ваучерската програма останува низок, од причина што лицата вклучени во Програмата на Владата на РСМ за активни мерки и политики на вработување, покрај советодавниот дел кој го опфаќа Ваучерската програма, може да добијат и неповратни средства (грант) во висина од 307.500,00 денари. Ова директно влијае на намалениот интерес од клиентите за учество во Програмата за ваучерско советување при АППРСМ, но бидејќи АППРСМ преку Ваучерската програма е интегрален дел од Програмата на Владата на РСМ може да се заклучи дека ефектите се постигнати.

Резултатите покажуваат дека учеството на малите и средните претпријатија како целна група во Ваучерската програма е поголемо од минатата година и за време на извештајниот период издадени се 48 ваучери за МСП за разлика од минатата година кога беа издадени 41 ваучер, додека бројот на издадени и реализирани ваучери за невработените лица е на ниво од 2020 година, односно во 2021 година реализирани се 19 ваучери за 10 клиенети кои започнале сопствен бизнис.

Кога ќе се земе во предвид вкупниот број на ваучери и вкупниот број на клиенти вклучени во Програмата на ВСС, се забележува дека за секој клиент во просек се издаваат 1,39 ваучери за еден клиент, односно за секое невработено лице издадени се по 2 ваучера или вкупно 19 ваучери. За 38 МСП реализирани се 48 ваучери.

Имајќи го во предвид вкупниот износ за издадените и реализирани ваучери од 1.227.862,00 денари и вкупниот број на часови на советување од 1966 часови од кои 1669 специјалистички и 297 општи (генерални) доаѓаме до просечна цена на советнички час од 624,00 денари одговара на условите и пазарот на консултантски услуги во Република Северна Македонија.

Просечниот износ сметан по ваучери изнесува 18.329,000 денари, а по клиенти изнесува 25.585,00 денари, што е ма ниво на износсите од претходната 2020 година кога просечниот износ по ваучери беше за нијанса помал.

Просечниот износ сметан по ваучери и по клиенти може да се види од следниот графикон:

2.2.4 Просечни износи по ваучер и клиент




Состојбата одделно за секоја целна група, односно МСП и потенцијални претприемачи (невработени лица) е следна:







Може да се забележи дека со оглед на посложениот процес на советување кај малите и средните претпријатија износот на субвенцијата е повеќе од два пати поголем од износот кај невработените лица и изнесува 21.909,00 денари по ваучер (356 ЕВРА), односно 27.675,00 денари по клиент (450 ЕВРА), што заедно со личното учество на малите и средните претпријатија (50%) може да се каже дека советодавната интервенцијата е на износ од околу 55.350,00 денари (900 ЕВРА) по клиент. Овој износ бележи намалување во однос на 2020 година кога субвенцијата изнесуваше околу 31.900,00 денари, а ова се должи на повеќе релативно помали советодавни услуги дадени на малите и средните претпријатија.

Извршената анализа на резултатите со продолжувањето на ВСС во седум региони во Република Северна Македонија покажува дека во Скопскиот и Југоисточниот, каде беше имплементирана пилот фазата, и оваа година бројот на издадени ваучери продолжи веднаш и со приближно ист број на советници.

Дистрибуцијата на ваучерите на територијата на Република Северна Македонија анализирано од аспект на географска покриеност, односно целните групи по региони кои се покриени од ОДП, изгледа како што следи:

### 2.2.5 Реализирани ваучери




Што се однесува до распределеноста на ваучерите по градови забележливо е дека 64% од истите се издадени во регионите кои беа застапени во пилот фазата (Скопје и Струмица), што значи дека промотивните активности за Програмата за ваучерско советување во останатите пет региони мора да бидат интезивирани. Ова особено се однесува на Пелагонискиот регион каде регион каде беа издадени само три ваучери.

### 2.2.6.Реализирани ваучери по градови




### 2.2.7. Реализирани ваучери за МСП по градови




### 2.2.8. Реализирани ваучери за невработени по градови




Одобрената квота на пари за субвенција не беше доволна во скопскиот регион каде интересот за ВСС и натаму е над одобрените средства, така да од непотрошените средства од другите региони во ваучерската програма беа префрлени дополнителни финансиски средства.

И покрај релативно малата сума на средства за реализација на ваучерската програма, целите на програмата беа постигнати и надминати со вклучување на 48 клиенти од двете целни групи. Како една од мерките за зголемување на интересот кај клиентите е остварување на поблиска соработка со Агенцијата за вработување како и поголема промотивна активност, што секако зависи од буџетот со кој располага АППРСМ.

Во останатите региони, односно кај новото ОДП кое доби овластување за работа во Програмата на Ваучерскиот систем на советување интересот на клиентите за вклучување во ВСС се уште е под очекувањата што се должи на неколку фактори како:

- недоволна промотивна активност и
- помал број на овластени советници во регионот.

Зголемувањето на бројот на советници овластени за работа во ВСС и нивно објавување во Каталогот на советници за претприемништво, како и досега, се одвиваше преку отворен јавен повик и нивно одбирање според веќе утврдените критериуми.

Што се однесува до бројот на вклучени советници (генералисти и специјалисти) треба да се каже дека 20 советници, од вкупно 269 во сите региони, биле активни во програмата што секако е малку и задолжително треба да се работи на привлекување на советници кои се одбрани во каталогот да се вклучат во работата на ВСС.

Друг проблем е што најголемиот број на советници, односно околу 70% се од регионот на Скопје и што нивниот интерес и мотивација да бидат ангажирани и работат надвор од Скопје е помал што се должи на дополнителни транспортни трошоци кои Програмата за ВСС не ги надоместува.

Распределбата на консултантските услуги според дејноста на МСП е следната:

2.2.9 Реализирани ваучери во МСП според дејноста:



Најголем дел од претпријатијата корисници на ваучер областа на од преработувачката индустрија по 31%, потоа од трговијата на големо и мало со учество од 20,8% и дејноста градежништво со учество 16,7%, додека од дејностите информации и комуникации, дејности на социјална заштита, снабдување со елекрична енергија, гас, пареа и климатизација, како и стручни и научни дејности вкупно 31%.

Распределбата на консултантските услуги според видот на советување, односно според советници е следната:

2.2.10 Реализирани ваучери според вид на советување




2.2.11 Износ на ваучери според вид на советување

Ако се набљудуваат ваучерите според ангажираните средства од страна советнициите состојбата е следна:




Од горенаведените графикони забележливо е дека учеството на генералистите според бројот на клиенти е малку помало во однос на специјалистите, а кога се гледа според ангажираните средства учеството на специјалистите е многу поголемо, односно специјалистите потрошиле 83% од предвидените средства. Ова се должи на фактот специјалистичките услуги се по обемени, а со тоа и бараат ангажирање на поголеми финансиски средства за разлика од услугите од страна на советници-генералисти кои највеќе се сведуваат на помош на невработените лица во делот на проверка на бизнис идејата и подготвка на одржлив бизнис план, како и помош околу регистрацијата на компанијата и неопходни дозволи, лиценци и други усливи за отпочнување со работа.

За 47 ваучери реализирани од страна на специјалисти потрошени се 1.015.480,00 денари, а за 20 ваучери реализирани од страна на генералисти резервирани и платени се 212.382,00 денари, односно просечен ваучер за ангажирани специјалисти изнесувал 21.610,00 денари, а за генералисти 10.619,00 денари.

Во следните графикони дадени се видот на побараните и добиени советодавни услуги според подрачја на советување и вкупно советување според видот на советување:




Реализацијата на советодавните услуги, (генералистички и специјалистички), се одвиваше во следниве области:

2.2.12 Вкупно советодавни услуги во сите региони




Веднаш се забележува дека и една од најбараните услуги е помош во изработка на деловен план и помош околу регистрација на фирмите, а потоа следат услугите за имплементација на стандарди за квалите, додека другите услуги сеуште не се доволно застапени, што наложува да се вложат уште поголеми напори во промоција на програмата во целост и многу повеќе средства од досегашните.

Кога се однесува на услугите кои се барани од страна на МСП состојбата е следна:




Како и минатата година зголемени се барањата од страна на МСП за воведување на системи за квалитет, пред се ISO стандардите, односно ИСО 9001 и ИСО 14001 кои се барани од страна на МСП.

Деловното планирање, односно изработка на инвестициони програми се уште е процентуално застапенено во најголем број.

Со оглед на скромната сума за субвенција која се одобрува за Програмата на ВСС и малата промоција, квалитетот на реализираните проекти е на завидно ниво кое секако со ангажирање на поголем број консултанти постојано ќе се подобрува и подигнува.

Вкупниот односот на субвенцијата и административниот надомест на двете целни групи може да се види од следниот графикон:

### 2.2.13 Однос помеѓу двете целни групи




Поголем дел на средства од ваучерската програма е доделен на малите и средните претпријатија наспроти невработените лица, додека административниот надомест е за два процентни поени поголем кај невработените лица корисници на ваучер.За време на извештајниот период кај целната група потенцијални претприемачи отворени се 10 нови фирми и 10 лица, претходно беа евидентирани невработени лица, се самовработија, а кај целната група микро и мали претпријатија, кај 38 клиенти кои користеа ваучери за субвенционирано советување, вработени беа вкупно 496 лица, а на крајот на годината вработени беа 524 лица или 28 вработени повеќе.

## 3. МИСЛЕЊА И ИЗВЕШТАИ ОД УЧЕСНИЦИТЕ ВО ВСС

Во имплементација на програмата за ваучерско советување, како што беше кажано, од страна на проектниот менаџмент тим се врши постојан мониторинг на програмата на сите нивоа (советникот-организатор, односно ОДП, консултант и клиент) и на сите предвидени индикатори. Ова се врши со систематско собирање и анализирање на информациите во однос на употребените средства, произведените аутпути и директните резултати од спроведените активности *(3.1. и 3.2).* Информациите се споредувани со поставените цели и расположивиот буџет со цел да се идентификуваат резултатите и подобри самата реализација на проектот.

При ова се користат извештаите добиени од учесниците во програмата како што се:

### 3.1 Извештај од консултантот за завршената работа

Овој вид на извештај, од страна на организаторите во ОДП, беше доставен до сите консултанти кои зедоа учество во програмата. Овој извештај од консултантот е повеќенаменски, односно има за цел:

- да се добие оценка за задоволноста на консултантот од добиената поддршка од страна на АППРСМ и ОДП,
- консултантот да даде свое мислење за ВСС и
- консултантот да даде општо мислење за корисникот, односно да ја оцени општата оспособеност на клиентите.

Во овој извештај, покрај извештај за својата работа и потрошеното време за интервенцијата, консултантите даваа оценки за трите полиња врз база на повеќе прашања вклучени во извештајот на консултантот.

На прашањето како ја **оценуваат (од 1-5) помошта пружена од страна на АППРСМ и ОДП,** одговорот е дека тие се многу задоволни од добиената поддршка и истата ја оценуваат со просечна оцена 5,00. Поединечно на поставени прашања, со кои се оценува работата на АППРСМ и ОДП согласно наведените критериуми, одговорите се следни:

| КРИТЕРИУМИ | Оценка 2019 | Оценка 2020 | Оценка 2021 |
|---|---|---|---|
| Процедури и транспарентност | 4,95 | 4,95 | 5,00 |
| Навремена услуга | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Поддршка во подготовка на Понудата за советување (ToR) | 5,00 | 4,98 | 4,92 |
| Компетентност | 5,00 | 5,00 | 5,00 |

Улогата на ВСС се оценуваше од страна на консултантите преку следните прашања:

| ПРАШАЊЕ | Оценка 2019 | Оценка 2020 | Оценка 2021 |
|---|---|---|---|
| Во која мерка ВСС иницираше дополнителен интерес за Вашите услуги? | 4,98 | 4.98 | 4.88 |
| Колкаво значење во Вашиот случај имаше ВСС фирмата да одлучи да ја користи советодавната услуга? | 5,00 | 4,91 | 4,92 |
| Во која мерка ВСС го потикнува локалниот пазар на советување? | 4,96 | 4,93 | 4,87 |
| Во која мерка ВСС го зголемува ангажирањето на локалните советници? | 4,94 | 5,00 | 4,96 |

Одговорите и оценките врз кои консултантот дава мислење за корисникот и неговата општа способност беа давани врз основа на следните прашања:

| ПРАШАЊЕ | Оценка 2019 | Оценка 2020 | Оценка 2021 |
|---|---|---|---|
| Општ впечаток за текот на советувањето | 4,98 | 4,95 | 4,90 |
| Општ впечаток за корисникот на советувањето. | 4,96 | 4,95 | 4,90 |
| Впечаток за корисникот на советувањето – разбирање на проблемите. | 4,82 | 4,80 | 4,90 |
| Впечаток за корисникот на советувањето– техничка оспособеност. | 4,74 | 4,76 | 4,83 |
| Впечаток за корисникот на советувањето– деловна оспособеност. | 4,80 | 4,84 | 4,90 |
| Впечаток за корисникот на советувањето– соработка, желба за учење | 4,92 | 4,93 | 4,83 |
| Впечаток за корисникот на советувањето - претприемничка оспособеност. | 4,90 | 4,93 | 4,83 |

Консултантите вклучени во програмата на ВСС ги пополнија овие извештаи и според нивно видување, за вкупно досега 67 реализирани ваучери заклучно со 31.12.2021 година, просечната оценката на поставените прашања беа во голема мера идентични со одговорите од минатата година, што значи дека консултантите, повторно, соработката со клиентите ја оценија мошне високо.

### 3.2 Извештај од клиентот за задоволност

Овој вид на извештај, односно прашалник беше поделен исто така на сите клиенти, односно МСП и невработени лица кои зедоа учество програмата.

Овој извештај има за цел да ја оцени програмата и работата на консултантот, односно колку клиентите се задоволни од работа на АППРСМ, ОДП и консултантите.

Одговорите и оценките, од 1 (многу слаба) до 5 (многу добра), беа давани на следните прашања:

| **Општа оценка за процесот на советувањето** | **Оценка 2019** | **Оценка 2020** | **Оценка 2021** |
|---|---|---|---|
| Општо сум задоволен од текот на советувањето | 5,00 | 5,00 | 5,00 |

| **Општа оценка за завршените советодавни услуги** | **Оценка 2019** | **Оценка 2020** | **Оценка 2021** |
|---|---|---|---|
| До кој степен беа постигнати вашите цели поставени со проектот | 5,00 | 4,94 | 5,00 |

**Оценка за работата на советникот согласно наведените критериуми**

| **КРИТЕРИУМИ** | **Оценка 2019** | **Оценка 2020** | **Оценка 2021** |
|---|---|---|---|
| Цена | 4,98 | 4,94 | 4,96 |
| Квалитет | 4,98 | 4,98 | 5,00 |
| Професионалност | 4,98 | 4,98 | 5,00 |
| Навремена услуга | 4,96 | 4,95 | 5,00 |
| Методологија | 4,96 | 4,90 | 4,98 |
| Изводливост на дадените препораки | 4,94 | 4,96 | 4,96 |
| Помош во имплементација | 4,88 | 4,96 | 4,98 |

**Очекувани подобрувања во наредните 12 месеци во работата на претпријатието, како резултат на советодавниот проект**

| **Советувањето многу би помогнало кон подобрување на работењето во делот на:** | **Оценка 2019** | **Оценка 2020** | **Оценка 2021** |
|---|---|---|---|
| Подобрени вештини | 4,76 | 4,70 | 4,85 |
| Преструктуирање | 4,52 | 4,70 | 4,77 |
| Намалување на трошоците | 4,86 | 4,90 | 4,86 |
| Заштита на човековата околина | 4,84 | 4,84 | 4,85 |
| Зголемување на продажбата | 4,94 | 4,94 | 4,98 |
| Зголемување на профитот | 4,94 | 4,98 | 4,98 |
| Зголемување на вработувањата | 4,62 | 4,76 | 4,90 |
| Зголемување на конкурентноста | 5,00 | 4,96 | 5,00 |
| Подобрување на квалитетот на производите | 4,98 | 4,94 | 4,93 |
| Подобрување на управувањето | 4,92 | 4,90 | 4,96 |

| **Оценете го општо административниот тек на советувањето** | **Оценка 2019** | **Оценка 2020** | **Оценка 2021** |
|---|---|---|---|
| Општо задоволен сум од административниот тек на советувањето и поддршката од ОДП и АППРСМ | 4,98 | 5,00 | 5,00 |

**Оценка за работата на ОДП / АППРСМ согласно наведените критериуми**

| **КРИТЕРИУМИ** | **Оценка 2019** | **Оценка 2020** | **Оценка 2021** |
|---|---|---|---|
| Процедури | 4,98 | 4,96 | 4,96 |
| Навремена услуга | 4,98 | 5,00 | 5,00 |
| Поддршка во дефинирање на советодавните потреби на претпријатието | 4,96 | 4,96 | 5,00 |
| Помош во одбирање на најподобен советник | 4,98 | 4,98 | 5,00 |
| Поддршка во подготовка на Понудата за советување (ToR) | 5,00 | 4,96 | 4,98 |
| Компетентност | 4,98 | 5,00 | 5,00 |

За вкупно 67 реализирани ваучери заклучно со 31.12.2021 година, просечната оценката за административниот тек на советувањето и поддршката од ОДП и АППРСМ беше 5,00 а одговорите на прашањата поврзани со работата на консултантите покажуваат дека клиентите се уште се многу задоволни од работата на консултантите и очекуваат советувањето доста да помогне во подобрување на идното работење на претпријатието.

### 3.3 Извештај од советникот-организатор

Овој извештај за секој клиент одделно го пополнува советникот-организатор од соодветниот регионален центар. Извештајот се пополнува откако ќе заврши консултантската услуга.

Советникот-организатор дава извештај за:

- Сите активности кои се извршени за контретното советување,
- Часовен тек на активностите,
- Висината на финансиските средства кои се потрошени и
- Проверка на целите на советувањето, односно дали се истите остварени или не.

За сите клиенти кои ја добија советодавната услуга изработени се извештаи од страна на организаторите. Од резултатите добиени од прашалниците како и искуството кое АППРСМ и РЦ го имаат во работа со МСП и претприемачи кои имаат или отпочнуваат бизнис, може да се заклучи дека т.н. продукт од советувањето е мошне корисен за клиентите. Невработените лица, во непосредна работа со консултантот, добиваат стручен и одржлив бизнис план по кој ќе можат да се раководат во бизнисот во наредните години и успешно да стопанисуваат. Воедно бизнис планот може да го искористат и за добивање на дополнителни кредитни средства ако се појави таква потреба.

## 4. ФИНАНСИСКИ ПРЕГЛЕД

Во овој извештаен период, од вкупните одобрени средства за оваа програмска активност во износ од 1.350.000,00 денари, поради поголемиот интерес за програмата и заштедата остварена при реализација на другите програмски активности, реализирани се вкупно 1.353.418,00 денари, односно како следи:

| Предмет | Денари |
|---|---|
| Исплата на субвенција за 2021 | 1.227.862,00,00 |
| Исплата на ОДП | 231.430,00 |
| Вкупно реализирано | 1.459.292,00 |
| Нереализирани средства | 40.708,00 |

Од горенаведениот преглед може да се забележи дека отстапувањето од планираниот буџет и потрошените средства исклучиво за реализација на ВСС е релативно мало, односно со реализацијата на програмата за ВСС во 2021 не се реализирани средства во висина од 2,71% или програмата е релазирана 97,29% од планот кој за ВСС изнесуваше 1.500.000,00 денари.

## 5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОЗИ

### 5.1 Заклучоци

Извештајот се базира на анализа на сите релевантни документи користени во имплеметацијата на ваучерската програма и врз постојана размена на информации и податоци со претставниците од ОДП вклучени во непосредна имплементација на регионално ниво, како и со советниците овластени од страна на АППРСМ за учество во програмата. Врз основа на овие информации и податоци општата оценка за реализација на програмата за ваучерско советување за 2021 година е дека таа се одвиваше согласно поставените цели и предвидените буџетски средства, при што во целост се исполнија планираните цели.[8]

[8] За 2021 година беше планирано да се вклучат 40 клиента во ВСС, и беа вклучени 48 клиенти

#### 5.1.1 Релевантност

Интересот за учество во ВСС, и покрај минималната промоција, ја изразува потребата за ваков вид на поддршка. Проценката дека во Република Северна Македонија има околу 70.000 активни микро, мали и средни претпријатија[9] наспроти се уште малиот број на програми за поддршка на МСП и претприемништвото воопшто, значи дека само мал број од нив користел советодавна и консултантска услуга, што секако дава голема надеж за развој на програмата за ваучерско советување во Република Северна Македонија.

Дизајнот на програмата за ваучерско советување беше успешно адаптиран согласно условите во земјата за време на фазите на имплементација.

#### 5.1.2 Досег и обем

Организациската поставеност, каде програмата е раководена централно во АППРСМ, имплементирана преку регионалните партнери или ОДП, а доставата на услугите се одвива преку локалните бизнис советници – обучувачи, функционира доста ефикасно.

Децентрализираната испорака на услуги подразбира дека си блиску до клиентот, а услугите треба да се придвижувани од побарувачката и да одговараат на потребите на клиентите. Тогаш е поверојатно дека интервенцијата ќе има поголем и подолготраен ефект кај клиентот. Оваа претпоставка е базирана на тоа дека постои добар однос со клиентот, и тој/таа соодветно е оценет и поврзан е со соодветен консултант. ОДП се исто така во состојба побрзо да добијат информации за локалниот пазар, да ја промовираат програмата на регионално и локално ниво и да придобиваат клиенти.

#### 5.1.3 Ефикасност

Ефикасноста на Услугите за развој на бизнисот (УРБ) вообичаено се испитува во однос на трошоците, работата и синергијата. Во досегашните фази на имплементација, АППРСМ ги задржа трошоците за имплементација на околу 19% од субвенцијата, т.е. тоа се административните трошоци на ОДП за регрутација, проценка, избор на обезбедувач на услуги, издавање ваучери/спогодби и мониторинг на проектите. Ова е во рамки на меѓународно прифатениот процент. Меѓутоа, за точно да се одреди ефикасноста, треба да се земат предвид вкупните трошоци на програмата што може да се оствари со целосно одвојување на трошоците за ВСС, што е мошне тешко бидејќи ваучерската програма претставува еден дел од вкупната годишна програма на Агенцијата.

Оперативната ефикасност на ваучерската програма беше генерално добра.

Што се однесува до синергијата со другите програми и/или организации, може да се напомене дека во моментот Агенцијата е партнер на УНДП, АВРСМ и МТСП во националната иницијатива за трансформирање на преку 1500 невработени лица во самовработени секоја година.

Оваа соработка ќе продолжи и во 2022 година со реализација на нови бизнис планови за невработени лица од програмата "Поддршка на самовработување" за која реализација се предвидени средства во Буџетот на АППРС за 2022 година.

[9] Според Државниот завод за статистика на РМ заклучно 31 декември 2020 година, активни се 73.061 компании (47.859 микро, 23.613 мали, 973 средни и 616 големи компании)

### 5.1.4 Ефективност

Ваучерската програма функционира ефективно во однос на производството на резултати. Сепак, активностите и извештаите за нив се ограничени како резултат на недостатокот на финансиски средства. Имајќи ја предвид потребата за континуирано подобрување, променливиот квалитет и ниво на професионализам, како и очекувањата за една обемна програма за која е потребен поголем капацитет, сметаме дека треба:

- Понатаму да се унапредуваат и усовршуваат процедурите;
- Да се обезбедат можности за професионален развој на оние инволвирани во имплементацијата и раководењето на системот;
- Да се подобри квалитетот и квантитетот на бизнис консултантите и советниците – обучувачи во земјата;
- АППРСМ да го набљудува процесот преку преглед и анализа на податоците собрани преку менаџерскиот информатички систем (МИС) и следење на работата со ОДП, за да се осигура дека сите информации се точно внесени во компјутерскиот систем на АППРСМ;
- На ОДП да им се надокнади адекватно за нивните напори во имплементацијата [регрутирање, проценка, избирање, мониторинг и посредување при проблеми]
- Да се зголеми максималниот број на дозволени часови при ангажманот за УРБ, т.е. зголемување на обемот на проектот.

### 5.1.5 Влијание

Клиентите вообичаено имаат корист од УРБ на неколку начини, како што се подобрувањата на производот и процесот, квалитетот, системите за менаџмент и трошковните структури. Како резултат на тоа, бизнисот на клиентот има поголема продажба и профит, поголема работна сила, поголеми инвестиции и нова или дополнителна извозна активност. За жал, скромниот буџет за ваучерската програма во голема мера го ограничува обемот на интервенциите и придружните влијанија. За да се подобрат влијанијата, сметаме дека е потребно следното:

- Значително да се мобилизираат поголеми ресурси, така да може да се зголеми проектот, на тој начин дозволувајќи значајна консултантска поддршка и мерливо влијание на бизнисот на клиентот;
- Сите потенцијални клиенти да ги обезбедат основните потребни податоци, да ги идентификуваат сите потребни интервенции и прогнозата за можната корист на нивниот бизнис.

### 5.1.6 Одржливост

Одржливоста нормално се разгледува во однос на менаџерските, организациските, техничките и финансиските аспекти. Ваучерската програма, според оценка на странските експерти, е добро менаџирана, надгледувана и администрирана со добри вештини и системи. Што се однесува до потребното ниво на услуги, консултантите и советниците во најголем дел се соодветно квалификувани и искусни. Од институционална гледна точка, организациската структура е соодветна и добро воспоставена. Финансирањето на пилот фазата, како и на периодот од мај до декември 2006 год. од страна на Владата, а дополнето со градењето на капацитетите преку проектите на ЕАР, овозможи овој концепт да биде испробан и

тестиран, и основите да се поставаат. Меѓутоа, скромниот буџет за периодот 2006 - 2021 година, резултира со ограничен досег и поскромни резултати кои може во иднина да го намалат кредибилитетот на АППРСМ. Затоа се предлага следното:

- Да се спроведе интензивно и целно собирање средства, за да се "подигне" програмата,
- Да се обезбедат дополнителни средства за ОДП, како признание на јавниот интерес за улогата што ја имаат,
- АППРСМ и ОДП да се обучат како да дојдат до ИПА и структурните фондови.

### 5.2 Предлози

Што се однесува до предлозите за подобрување на програмата за ваучерско советување во однос на релевантноста, обемот, ефикасноста, ефективноста и импактот на програмата се предлага:

- да се продолжи со изградениот приод на поддршка на почетните бизниси и постоечките МСП,
- да се подржи воведување на други видови на ваучер (менторинг ваучер, процесен ваучер),
- да се подржи воведување на нови видови ваучери, односно дејности поврзани со енергетска ефикасност,
- да се продолжи со функционирање на постоечката организациона структура со јасни задолженија и различни улоги и одговорности на постојните четири нивоа,
- да се ангажираат нови ОДП како би се зголемила националната покриеност,
- да се зајакнат врските со слични проекти и да се истражат можностите за кофинансирање,
- да се зголеми промоцијата на програмата преку повеќе брошури, каталог на консултанти, презентација на успешни приказни, капањи за зголемување на свеста за користење консултантски услуги, вклучување на разни медиуми,
- постојано да се организираат семинари и тренинзи како за постојните консултанти, така и за новите кои ќе бидат селектирани и вклучени во програмата за ваучерско советување,
- да се вклучи повеќе персонал во мониторинг и евалуација на програмата како би се виделе ефектите од истата,
- да се оди кон диференцирање на двете основни целни групи,
- АППРСМ да продолжи да го мониторира прогресот преку оценка и анализа на податоците добиени од МИС,
- да се зголеми максималниот број на часови за консултантите, односно да се зголеми обемот на проектите, (ова се предлага посебно за новата целна група, односно иновативните претпријатија),
- преку зголемување на буџетот и обемот на проектите да се биде во можност да се дадат позначајни консултантски услуги како би се измерило нивното влијание на бизнисот на клиентот,
- да се обезбеди тренинг за сите учесници со што би се пристапило кон ИПА фондовите.

## **АНЕКС А** Дијаграм за испорака на услуги за МСП



## **АНЕКС Б** Дијаграм за испорака на услуги за потенцијални претприемачи (невработени лица)



**АНЕКС В** Дијаграм за шема на субвенционирање во ВСС



**АНЕКС Г**. Корисници на ваучер во 2021 година

**1. Потенцијални претприемачи (невработени лица)**

| Име и презиме | Место | Име на ново основана фирма | Советодавна услуга | Часови на советува ње | Износ на субвенција/ ваучер (ден) |
|---|---|---|---|---|---|
| Јешим Демирова | РАДОВИШ | ДТУ„ЕФЕС ДЕМИ КОМ“ | Деловен план | 11 | 11.682,00 |
| | | | Помош при регистрација | 7 | 7.434,00 |
| Мартин Филипов | РАДОВИШ | ДПУТ „МЕДАЛИСТ МА“ | Деловен план | 11 | 9.900,00 |
| | | | Помош при регистрација | 7 | 6.300,00 |
| Нурие Демирова | РАДОВИШ | ДУТУ „УМУТСУЛТАН“ | Деловен план | 11 | 11.682,00 |
| | | | Помош при регистрација | 7 | 7.434,00 |
| Драгица Стојковиќ | СКОПЈЕ | Слаткарница МАМА МИА Драгица Трајче Стојковиќ Скопје | Деловен план | 11 | 9.900,00 |
| | | | Помош при регистрација | 7 | 6.300,00 |
| Андријана Мирческа Богојевиќ | СКОПЈЕ | Салон за шиење МАШНИЧКИ ЗА ДЕЦА Андријана Мире Мирческа Богојевиќ Скопје | Деловен план | 11 | 9.900,00 |
| | | | Помош при регистрација | 7 | 6.300,00 |
| Весна Бошковска-Савевска | СКОПЈЕ | Здраво и вкусно ХЕЛТИЛИШС Весна Зоран Бошковска-Савевска Марино Илинден | Деловен план | 11 | 9.900,00 |
| | | | Помош при регистрација | 7 | 6.300,00 |
| Катерина Среброва | СКОПЈЕ | Хендмејд АНДРОМЕДА Катерина Ристе Среброва Скопје | Деловен план | 11 | 9.900,00 |
| | | | Помош при регистрација | 7 | 6.300,00 |
| Ангелина Петреска | СКОПЈЕ | Неил студио БЕЈБИ ДОЛ Ангелина Тони Петреска Скопје | Деловен план | 11 | 9.900,00 |
| | | | Помош при регистрација | 7 | 6.300,00 |
| Сања Стефановска | СКОПЈЕ | Салон за убавина МБ БЈУТИ 89 Сања Драган Стефановска Скопје | Деловен план | 11 | 9.900,00 |
| | | | Помош при регистрација | 7 | 6.300,00 |
| Пеце Клечкароски | СТРУГА | ЛЕСКА КРАФТ 88 Производство на чоколада, путери и крем намази | Деловен план | 17,5 | 24.780,00 |
| **ВКУПНО ЗА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА** | | | | **179,5** | **176.412,00** |

Сите невработени лица, освен клиентот од Струга, имаат користено по два ваучера и тоа еден за изработка на одржлив бизнис план и еден за општа помош во регистрација на компанија.(даноци, дозволи, лиценци.. и сл.)

Како главен бенефит од користењето на советодавните услуга од страна на овластени советници е регистрација на 10 претпријатија и самовработување на претходно евидентирани невработени лица во Центрите за вработување.

**2. Мали и средни претпријатија**

| Назив на претпријатие | Место | Дејност | Советодавна услуга | Часови на советување | Износ на субвенција-ваучер (ден) |
|---|---|---|---|---|---|
| БОШ-ДД ДООЕЛ | ТЕТОВО | Електроинсталатерски работи | Подготовка за ISO 9001 | 61 | 36.600,00 |
| ФЕШН ТРАНСПОРТ ЛИМИТЕД | СКОПЈЕ | Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи | Деловно планирање | 41,5 | 24.900,00 |
| ФОРТЕСА-ЕЛ ДООЕЛ | ТЕТОВО | Електроинсталатерски работи | Деловно планирање | 58 | 34.800,00 |
| УНИ ПАРТС ДС ДООЕЛ | СКОПЈЕ | Трговија на мало со делови и прибор за моторни возила | 1)Подготовка за ISO 9001 | 37,5 | 22.500,00 |
| | | | 2)Подготовка за ISO 14001 | 37,5 | 22.500,00 |
| МИКРОГРАФИКС | КУМАНОВО | Друго печатење | Деловно планирање | 30 | 18.000,00 |
| САРА - КОЛАНТ | СКОПЈЕ | Неспецијализирана трговија на големо | Деловно планирање | 30 | 18.000,00 |
| ЛЕАД - ПРОФИЛИ ДООЕЛ | СКОПЈЕ | Производство на други производи од пластични маси | Деловно планирање | 30 | 18.000,00 |
| УНИПЛАСТ БК | СТРУГА | Производство на метални конструкции и делови на конструкции | Организациски развој/преструктурирање | 75 | 45.000,00 |
| ГИР РИГ Дооел | СКОПЈЕ | Трговија на мало со мебел опрема за осветлување и други предмети за домаќинствата во специјализирани продавници | Подготовка за ISO 9001 | 37 | 22.200,00 |
| | | | Подготовка за ISO 14001 | 38 | 22.800,00 |
| НИПРОМ | СТРУМИЦА | Производство на друг мебел | Стратегиско планирање | 36 | 21.600,00 |
| ИНТЕРНАТИОНАЛ ФРЕШ ФООД ДОО | Врапчиште | Компјутерско програмирање | Деловно планирање | 60 | 36.000,00 |
| АСПРОМ | СКОПЈЕ | Поставување на подни и ѕидни облоги | 1)Подготовка за ISO 9001 | 21 | 12.600,00 |
| | | | 2)Подготовка за ISO 14001 | 20 | 12.000,00 |
| | | | 3) Подготовка за OHSAS 18001 / ISO 45001 | 20 | 12.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ИНСА-ВОДАИНЖИЊЕР ИНГ ДООЕЛ | ВЕЛЕС | Трговија на големо со метална стока, цевки, уреди и опрема за водовод и централно греење | Подготовка за OHSAS 18001 / ISO 45001 | 38 | 22.800,00 |
| ГЕОРГИЕВСКИ 369 | ОХРИД | Производство на леб; слатки (колачи торти) во свежа состојба и бисквити (кекси) | Деловно планирање | 33 | 19.800,00 |
| КИК плочки увоз извоз ДООЕЛ | ПРИЛЕП | Поставување на подни и ѕидни облоги | Деловно планирање | 30 | 18.000,00 |
| Еко Протект ДООЕЛ | ПРИЛЕП | Производство на метални конструкции и делови на конструкции | Деловно планирање | 30 | 18.000,00 |
| Ипринт 2015 ДООЕЛ Прилеп | ПРИЛЕП | Друго печатење | Оптимизација на производство | 42 | 25.000,00 |
| БИСПАГ ПРОТИВПОЖАРНА ТЕХНИКА | СКОПЈЕ | Инсталирање на индустриски машини и опрема | 1)Подготовка за ISO 9001 | 37,5 | 22.500,00 |
| | | | 2)Подготовка за ISO 14001 | 37,5 | 22.500,00 |
| КАМПИОНАРИА ДООЕЛ | СКОПЈЕ | Производство на обувки | Деловно планирање | 30 | 18.000,00 |
| БИС ОИЛ ДОО | СКОПЈЕ | Трговија на големо со делови и прибор за моторни возила | Деловно планирање | 34 | 20.400,00 |
| БИРО-ПРОМ | СКОПЈЕ | Друга трговија на мало во неспецијализирани продавници | Планови за подобрување на изведбата | 20 | 12.000,00 |
| ФИЗИО АКТИВ ДООЕЛ Скопје | СКОПЈЕ | Други дејности за здравствена заштита | Подготовка за ISO 9001 | 51 | 30.600,00 |
| АЌУА-ИНЖЕНЕРИНГ АГЕ ДООЕЛ | ТЕТОВО | Изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на друго место | Деловно планирање | 58 | 34.800,00 |
| СИМТ ДООЕЛ | СКОПЈЕ | Компјутерско програмирање | Општо советување во областа на иновациите | 70 | 31.500,00 |
| Заштитно друштво ГРАФОСЕРВИС | СТРУМИЦА | Друго печатење | 1)Подготовка за ISO 9001 | 37 | 22.200,00 |
| | | | 2)Подготовка за ISO 14001 | 38 | 22.800,00 |
| МАРУДИ ДООЕЛ Скопје | СКОПЈЕ | Фотографски дејности | Градење имиџ | 25 | 15.000,00 |
| ФОР ОПТИМУМ ДООЕЛ Скопје | СКОПЈЕ | Дејности на советување | Градење имиџ | 23 | 13.800,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕГО ВОТЧ ДОО | ТЕТОВО | Трговија на мало со часовници и накит во специјализирани продавници | Деловно планирање | 34 | 20.400,00 |
| МИТ ГРУП КОМПАНИ | КУМАНОВО | Производство на други предмети од хартија и картон | Деловно планирање | 50 | 30.000,00 |
| ИТЕК СИСТЕМС ДООЕЛ | ГЕВГЕЛИЈА | Електроинсталатерски работи | Општо советување во областа на менаџментот | 65 | 29.250,00 |
| ЕУРОМЕТАЛ ГРУП | ВЕЛЕС | Дејности на покривни конструкции | Деловно планирање | 50 | 30.000,00 |
| | | | Финансиска анализа | 25 | 15.000,00 |
| БисСолар | СКОПЈЕ | Производство на електрична енергија | Деловно планирање | 34 | 20.400,00 |
| Еуро Монта | СТРУМИЦА | Изградба на станбени и нестанбени згради | Подготовка за ISO 45001 | 46 | 27.600,00 |
| СКУП ДОО | СКОПЈЕ | Производство на леб; слатки (колачи,торти) во свежа состојба и бисквити (кекси) | Подготовка за HACCP | 25 | 15.000,00 |
| МООНЛЕХ | СТРУМИЦА | Производство на останати текстили, неспомнато на друго место | 1)Подготовка за ISO 9001 | 24 | 14.400,00 |
| | | | 2)Подготовка за ISO 14001 | 23 | 13.800,00 |
| БЕЛЕШКОВ-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ | КРИВА ПАЛАНКА | Изградба на станбени и нестанбени згради | 1)Подготовка за ISO 9001 | 25 | 15.000,00 |
| | | | 2)Подготовка за ISO 14001 | 25 | 15.000,00 |
| | | | 3.Подготовка за ISO 45001 | 25 | 15.000,00 |
| ЗОТЕБРОС ДООЕЛ | СКОПЈЕ | Трговија на мало со компјутери, периферни единици и софтвер во специјализирани продавници | Подготовка за ISO 14001 | 25 | 15.000,00 |
| ЧОЧКОВ ТРАДЕ ДООЕЛ Велес | ВЕЛЕС | Трговија на мало со месо и производи од месо во специјализирани продавници | Стратегиско планирање | 44 | 26.400,00 |
| **ВКУПНО ВАУЧЕРИ ЗА МСП** | | | | **1786,5** | **1.051.450,00** |
| **СЕ ВКУПНО ВАУЧЕРИ** | | | | **1966** | **1.227.862,00** |